# „Развој на патната инфраструктура преку изградба на мост за поврзување на руралните места во општините Босилово, Ново Село и Струмица“



Југосточниот плански регион се протега на крајниот југоисточен дел на Република Македонија, на југ се граничи со Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад се граничи со Источниот и Вардарскиот регион. Патната мрежа во Југоисточниот плански регион може да се оцени како средно развиена.

Рамномерно развиена патна мрежа, современи патишта и релативно безбедни услови за одвивање на сообраќајот претставуваат основа за забрзан одржлив развој како на локално, така и на регионално ниво во секоја област на човековото живеење.

Целта на овој проект е изградба на мост на патот помеѓу с.Бориево и с. Колешино во должина од 30,7 метри и ширина од 6 метри.

Овој мост ќе создаде услови за подобрена комуникација помеѓу жителите на руралните населени места од општините Босилово, Ново Село и Струмица, полесно пренесување на земјоделски производи, но и подобрена достапност до туристичките локалитети во Подбеласичкиот регион.

## Краток преглед на проектот:

**Носител на проектот:**
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

**Проектни партнери:**
- Општина Босилово
- Општина Ново Село
- Општина Струмица

**Времетраење:**
8 месеци

**Финансиран од:**
- Биро за регионален развој
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

**Цел на проектот:**
Развој на патната инфраструктура за поврзување на руралните места во општините Босилово, Ново Село и Струмица


**Контакт: Мима Станоевска**
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/238-959
Тел./Факс  034/340-139
E-mail: mima.stanoevska@rdc.mk




**Специфични цели на проектот:**

- Изградба на мост како дел од патот помеѓу с. Бориево и с. Колешино;
- Соодветен пристап на граѓаните до своите домови, работни места, училишта, земјоделски површини и откупни центри;
- Подобрен пристап до туристичките локалитети во Подбеласичкиот регион;
- Намалување на сообраќајните незгоди во регионот.

**Очекувани резултати:**

- Квалитетно и навремено управување со проектот;
- Избран најповолен понудувач и потпишан договор за изградба;
- Изграден мост  на локален  пат с. Бориево – с. Колешино;
- Поврзување на населението од руралните места од општините Ново Село, Босилово и Струмица.